Врз основа на член 37, став 1 алинеја 5 од Статутот на Карате федерацијата на РС Македонија, Извршниот одбор на Федерацијата, по пат на електронско изјаснување на ден 16.01.2024 година, донесе

ОДЛУКА

за измена на Правилник за регистрација на карате клубови и натпреварувачи

1. Се врши дополнување на Правилникот за регистрација на карате клубови и натпреварувачи во КФРСМ донесен на 17.12.2010 година и тоа:

Член 1

1. Во чл.6 од Правилникот за регистрација на карате клубови и натпреварувачи во КФРСМ донесен на 17.12.2010 година, така што додава нова алинеа 6, која гласи:

„ - Потпишување на пристапница со изјава за прифаќање на Статутот и другите акти на КФРСМ, како и на актите на ЕКФ И ВКФ“.

2. Се врши преформулирање на чл.8 од Правилникот за регистрација на карате клубови и натпреварувачи во КФРСМ и истиот ќе гласи:

„Член 8

Приемот и исклучувањето на клубовите е во надлежност на Собранието на КФРСМ.

Карате клубот кој поднел барање за прием, заедно со документите од чл.5, се стекнува со статус на привремен член на КФРСМ.

Одлука за привременото членство на карате клубот донесува Извршниот одбор на КФРСМ. Со привременото членство клубот добива административна потврда која ќе послужи за добивање на решение за вршење на дејност спорт.

За време на привременото членство клубот не се стекнува со правото на глас и не учествува во системот на натпревари.

Привременото членство преминува во редовно членство на првата седница на Собранието на КФРСМ, а по доставување на решение од АМС за вршење на дејност спорт.“

Член 2

Овој Правилник за измена на Правилникот за регистрација на карате клубови и натпреварувачи во КФРСМ преставува составен дел на Правилникот за регистрација на карате клубови и натпреварувачи во КФРСМ донесен на 17.12.2010 година .

2. Одлуката влегува во сила по потпишувањето.

Карате федерација на РС Македонија,
Претседател,
Дејан Чолески

_____